Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје
ул. „Дрезденска“ бр. 56, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
телефон: +389-2-3066-776 телефакс: +389-2-3066-807
pedagoskifakultet@gmail.com
www.pfsko.ukim.edu.mk

# ИНФОРМАЦИЈА ЗА УПИС НА НОВИ СТУДЕНТИ НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – СКОПЈЕ ВО УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА

За учебната 2020/21 година уписот на нови студенти на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје ќе се врши во согласност со Конкурсот за запишување студенти на прв циклус (додипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Право на запишување на прв циклус студии на факултетите имаат кандидатите кои положиле државна или меѓународна матура. Во академската 2020/2021 година на прв циклус студии право на запишување имаат и кандидати кои се стекнале со диплома за завршено средно образование во траење од четири години во учебната 2019/2020 година, согласно Уредбата со законска сила за примена на Законот за средното образование за време на вонредна состојба. Право на запишување на прв циклус студии имаат и кандидати со завршено четиригодишно средно образование според прописите кои важеле пред воведувањето на државната матура (пред учебната 2007/2008 година). Уписот на новите студенти на Факултетот се врши врз основа на успехот постигнат во средното образование.

На Педагошкиот факултет се врши претселекција на кандидатите по пат на интервју, која не се бодира. За термините и постапката на интервјуирање Факултетот ќе објави дополнително соопштение на својата web страна.

Пред пријавувањето во роковите утврдени со Конкурсот, секој заинтересиран кандидат треба да се регистрира на www.upisi.ukim.mk и да ја пополни електронската пријава од iKnow-системот. Бројот којшто кандидатот автоматски го добил од системот за електронското пријавување треба да се внесе и во пријавата што се поднесува при пријавувањето за запишување. Пријавувањето на кандидатите се врши електронски, со испраќање на електронска пошта (e-mail) на електронската адреса: upisi-pedf@ukim.edu.mk .

Во предмет (Subject) на електронската пошта: upisi-pedf@ukim.edu.mk , кандидатите го наведуваат бројот што автоматски им го генерирал системот за електронско пријавување.

Во прилог на пријавата, треба да се прикачат (во Attach File) скенирани следниве документи:

1. пријава за запишување (образец А1);

2. електронска пријава (од iKnow-системот);

3. оригинални свидетелства од сите класови;

4. документ за положена државна матура (оригинално свидетелство за завршено средно образование);

5. извод од матичната книга на родените;

6. доказ за државјанство на РСМ (уверение или решение);

7. потврда за уплата на:

- административна такса во износ од 50,00 денари
(Образец ПП 50:
Назив на примачот: Трезорска сметка-Скопје;
Банка на примачот: НБРСМ;
Трансакциска сметка 100-0000000-630-95;
Уплатна сметка 840-179-03161;
Конто 722313 00);

- 500 денари на жиро-сметката на Факултетот, за сите три студиски програми.

ПРИЛОГ: ОГЛЕДЕН ОБРАЗЕЦ



НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ
ДАТУМ НА ВАЛУТА
НАЛОГОДАВАЧ
НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА НАЛОГОДАВАЧОТ
име и презиме
адреса
ПРИМАЧ
НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ПРИМАЧОТ
Педагошки факултет
„Св. Климент Охридски"-Скопје
БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧОТ
БАНКА НА ПРИМАЧОТ
Н.Б.Р.С.М
ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА
ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА
100000000063095
ДАНОЧЕН БРОЈ или (ЕМБГ)
матичен број
ИЗНОС
МКД *500,00
ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ-ЗАДОЛЖУВАЊЕ
723019-41
УПЛАТНА СМЕТКА
ЦЕЛ НА ДОЗНАКА
за пријава
за упис
СМЕТКА НА КОРИСНИК
1600103670 788 15
ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА
723019 41
НАЧИН
ПОТПИС
своерачен потпис
ДАТУМ НА УПЛАТА
МЕСТО НА УПЛАТА
образец ПП50

* Вонредните студенти покрај останатите документи треба да го прикачат и следниот документ: образец М1/М2 нотарски заверен, или лекарското уверение издадено од Студентската поликлиника на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**БРОЈОТ НА СТУДЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ НА ПРВИОТ ЦИКЛУС СТУДИИ ВО УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА Е СЛЕДНИОТ:**

| ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА | Редовни во државна квота | Редовни со кофинансирање | Вонредни |
|---|---|---|---|
| За наставници во паралелки на македонски јазик | 30 | 40 | 10 |
| За наставници во паралелки на албански јазик | 30 | 40 | 10 |
| За наставници во паралелки на турски јазик | 30 | 10 | 5 |
| ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ | Редовни во државна квота | Редовни со кофинансирање | Вонредни |
| За воспитувачи во групи на македонски јазик | 25 | 35 | 10 |
| За воспитувачи во групи на албански јазик | 25 | 35 | 10 |
| За воспитувачи во групи на турски јазик | 20 | 10 | 5 |
| БИБЛИОТЕКАРСТВО | Редовни во државна квота | Редовни со кофинансирање | Вонредни |
| Библиотекарство | 20 | 20 | 10 |

## РОКОВИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ, ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊА И УМЕЕЊА И ЗАПИШУВАЊЕ

| | прв рок | втор рок | трет рок |
|---|---|---|---|
| Пријавување на кандидатите | 31.8. и 1.9.2020 | 15 и 16.9.2020 | 28.9.2020 |
| Објавување резултати од успехот од средно образование (прелиминарна ранг-листа) | 3.9. 2020 | 18.9.2020 | |
| Објавување решение за прием на кандидатите (конечна ранг-листа) | 7.9. 2020 | 21.9.2020 | |
| Запишување на кандидатите | 10. и 11.9. 2020 | 25.9.2020 | 30.9.2020 |

Од Комисијата за упис на нови студенти 2020/2021